Агенција за поддршка на претприемништвото
на Република Македонија АППРМ
Бр. 02-373/3
20.06.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 став (1) алинеја 1 од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.60/03, 161/09, 171/10, 41/14 и 64/18), Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија , на седницата, одржана на 20.06.2019 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија бр.02-4 од 10.01.2004 година и бр. 02-35/2 од 29.01.2015 година во насловот зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 2

Во членот 1 зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија", а кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 3

Во членовите 2, 3 и 4 кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката"АППРСМ".

Член 4

Во членот 5 став 1 кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Печатот го содржи називот и седиштето на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, а во средината е грбот на Република Северна Македонија".

Ставот 3 се менува и гласи:

“Печатот на АППРСМ е напишан на македонски јазик со кирилично писмо и на албански јазик со латинично писмо и го содржи следниот текст: “Република Северна Македонија/Republika e Maqedonisë së Veriut”, “Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија – Скопје/Agjencia për mbështetjen e sipërmarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut – Shkup”, а кои се испишуваат во концентрични кругови.“

Ставот 4 се брише.

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

“Штембилот на АППРСМ има форма на правоаголник, напишан е на македонски јазик со кирилично писмо и на албански јазик со латинично писмо и го содржи следниот текст:”Република Северна Македонија/Republika e Maqedonisë së Veriut”, “Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија – Скопје/Agjencia për mbështetjen e sipërmarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut – Shkup”, а кои се испишуваат хоризонтално едно под друго.“

Член 6

Во членот 7 кратенката “АППРМ” се заменува со кратенката“АППРСМ”.

Член 7

Членот 8 се менува и гласи:

“Во меѓународниот правен промет АППРСМ ќе го користи називот на англиски јазик, кој се пишува со латинично писмо и гласи: “Agency for promotion of enterpreneurship of the Republic of the North Macedonia (APPRNM).“

Член 8

Во членот 9 зборовите “Република Македонија” се заменуваат со зборовите “Република Северна Македонија”.

Член 9

Во делот II во насловот кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката"АППРСМ".

Член 10

Во членот 10 кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката"АППРСМ", а зборовите "Република Македонија " се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 11

Во членот 11 кратенката"АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 12

Во делот III во насловот кратенката"АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 13

Во членот 12 став 1 во воведната реченица кратенката"АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Во точката 1 зборовите "Република Македонија " се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија". Во ставот 2 кратенката"АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 14

Во делот IV во насловот кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 15

Во членот 13 зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 16

Во членовите 14 и 15 кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 17

Во делот V во насловот кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 18

Во членот 16, членот 17 став 1, членот 20 алинеите 1, 2, 3, 4, 5, 7, 12, 13 и 14, членот 21 и членот 23 во воведната реченица и алинеите 1, 4 и 7, кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 19

Во делот VI во насловот кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 20

Во членот 24 и членот 27 став 2, кратенката "АППРМ" се заменува со кратенката "АППРСМ".

Член 21

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата , а ќе се објави по добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**20.06.2019 година**

**Претседател**

**на Управен одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија**

**Златко Колев**

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија АППРМ СКОПЈЕ

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија е основана со Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.60/03, 161/09, 171/10 ,41/14 и 64/18).

Агенцијата се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во Република Северна Македонија и за реализација на други програми донесени од Владата на Северна Република Македонија кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство.

Врз основа член 11 став (1) алинеја 1 од Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Управниот одбор на Агенцијата донесува Статут на Агенцијата, со кој поблиску се уредува организацијата и работењето на Агенцијата.

Врз основа на член 18 став (2) Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Агенцијата и неговите измени , во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Статутот од Управниот одбор.